Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 200/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски за „Nezavisen.mk " ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов: „Јотова ќе му пишува на Стразбур за децата од Македонија", објавен на интернет порталот Nezavisen.mk на 24 јули 2023 година не отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 24 јули 2023 година од Славчо Николовски пристигна жалба за текстот: „Јотова ќе му пишува на Стразбур за децата од Македонија“ од 24 јули 2023 година. Објавен на интернет порталот „Независен.мк.

Неделковски вели дека станува збор за неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација, мешање факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Се додава дека „со текстот пред читателите се формира заблуда дали СВР или МВР поднело изјава или кривична и се носи заклучок дека родителите се изјасниле дека не биле информирани што е апсолутна невистина, но тоа не е на толкување на новинарот, ами судската власт низ постапка за која ОЈО Битола денес информираше дека примила ИЗЈАВА – известување за вест во истиот медиум по која ќе се произнесе дали има основ за формирање дело или не“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од „Независен.мк“ да се изјасни по однос на наводите на жалбата.
Редакцијата „Независен“ ја отфрла оваа жалба не само како беспредметна, туку и како нелогична и несоодветна. Не се темели на текст напишан во редакцијата туку на пренесен текст. Па се додава :„Не ја разбираме жалбата број 3 на господинот Славчо Неделковски, претседател на УО на Детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј“ на објавениот текст во „Независен“ со наслов: „Јотова ќе му пишува на Стразбур за децата од Македонија“ од 24 јули 2023. Неделковски се заплеткува во објаснување на последниот пасус од оваа агенциска вест, дословно објавен во најголемиот дел од македонските електронски медиуми дека „Од ОЈО Битола потврдија дека ја добиле кривичната пријава од МВР за злоупотреба на деца од 'Битолскиот Монмартр' кои, без да знаат нивните родители, биле носени на средби со бугарски политичари“. „Независен“... ја објави оваа агенциска вест најмногу поради изјавата на потпретседателкатата на Бугарија, Илијана Јотова, дека ќе испрати писмо до Советот на Европа во врска со случајот со децата од Македонија кои ја посетија Бугарија и остварија средби со бугарски политичари. „Во писмото, како што вели Јотова, ќе посочи колку работи се прекршени од општата Повелба за човекови права и за правата на децата и како се злоупотребуваат децата за сомнителни политички цели“, стои во веста. Славчо Неделковски треба да се обрати до претседателството на Бугарија и да побара објаснување за какво прекршување на правата на децата мисли Илијана Јотова – за оние што се прекршени во Македонија или оние што беа прекршени во Бугарија? Но, тоа Неделковски не го интересира и тој наведува некакви точки во жалбата кои немаат врска една со друга. Не кажува за што не биле информирани. А станува збор за средбите со политичари.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата не е основана и ја отфрли.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ја утврдуваат вистинитоста на фактите наведени во неа, а кои се во надлежност на други институции. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Мнозинството членови од Комисијата за жалби беше согласно дека станува збор за тема од јавен интерес. Пренесена е агенциска вест во која бугарската претседателка, Јотова, кажува дека ќе праќа писмо во Стразбур. Што е уште една потврда дека се работи за политизација на случајот со децата од Битола. Поентата на текстот стои и во насловот – а тоа е Јотова и нејзината намера. Во последниот пасус од веста е пренесено соопштение од ОЈО Битола во врска со случајот. Во него се вели*: „Од ОЈО Битола потврдија дека ја добиле кривичната пријава од МВР за злоупотреба на деца од 'Битолскиот Монмартр' кои, без да знаат нивните родители, биле носени на средби со бугарски политичари“.* За точноста на ова соопштение и за други тврдења, а кои ги оспорува Неделковски, последниот збор треба да го кажат надлежните органи, а не Комисијата. Исто така не беше утврдено дека во текстот има неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација, мешање факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Оттука Комисијата со мнозинство гласови на членовите ја отфрли жалбата на Неделковски.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595